# С О Д Р Ж И Н А

А-1 **ЦАРИНСКА ТАРИФА** . . . . . 1

А-1-1 ЦАРИНСКА ТАРИФА И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКАТА СПОРЕД ЦАРИНСКАТА ТАРИФА . . . . . 1

А-1-1-1 **Општо** . . . . . 1

А-1-1-2 **Царински давачки** . . . . . 1

А-1-1-2-1 **Царински давачки кои се применуваат за сите земји (на erga omnes основа)** . . . . . 1

А-1-1-2-2 **Преференцијални царински давачки** . . . . . 2

А-1-1-2-2-1 Преференцијални царински давачки според Договори за слободна трговија . . . . . 2

А-1-1-2-2-2 Преференцијални царински давачки усвоени еднострано од Република Македонија во однос на одредени земји, група на земји или територии . . . . . 2

А-1-1-2-3 **Автономни царински давачки** . . . . . 3

А-1-1-3 **Задолжителни единечни мерки** . . . . . 3

А-1-1-4 **Повластен тарифен третман за одредена стока заради нејзиниот вид или крајна употреба** . . . . . 3

А-1-1-5 **Ослободување од плаќање на царински давачки за цивилни воздухоплови и стока за употреба во цивилни воздухоплови** . . . . . 3

А-1-1-6 **Номенклатура на Царинската тарифа на Република Македонија** . . . . . 3

А-1-1-6-1 **Хармонизиран Систем** . . . . . 3

А-1-1-6-1-1 Структура на Хармонизиран Систем . . . . . 4

А-1-1-6-1-2 Означување . . . . . 5

А-1-1-6-2 **Комбинираната номеклатура на Европската Заедница** . . . . . 5

А-1-1-6-3 **Национална номеклатура** . . . . . 6

А-1-1-7 **Распоредување на стоката во тарифни броеви, тарифни подброеви и тарифни ознаки** . . . . . 6

А-1-1-7-1 **Основни правила за примена на Царинската номенклатура** . . . . . 6

А-1-1-7-2 **Коментар на Хармонизираниот Систем** . . . . . 6

А-1-1-7-3 **Корисни информации за распоредување на стоката** . . . . . 7

А-1-1-7-4 **Сукцесивен увоз** . . . . . 8

А-1-1-7-4-1 Законска основа . . . . . 8

А-1-1-7-4-2 Спроведување на постапката . . . . . 8

А-1-2 ПРОВЕРКА НА ЦАРИНСКА ДЕКЛАРАЦИЈА . . . . . 12

А-1-3 НАСОКИ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКА СПОРЕД ЦАРИНСКАТА ТАРИФА . . . . . 12

А-1-3-1 **Насоки што ги носи Царинската управа за распоредување на одредена стока според Царинската тарифа** . . . . . 12

А-1-3-2 **Регулативи на Европската Заедница за распоредување на одредена стока** . . . . . 14

А-1-4 ЗАДОЛЖИТЕЛНА ТАРИФНА ИНФОРМАЦИЈА . . . . . 14

А-1-4-1 **Вовед** . . . . . 14

А-1-4-2 **Законска основа** . . . . . 15

А-1-4-3 **Постапка за добивање на задолжителна тарифна информација** . . . . . 15

А-1-4-4 **Предвиден рок за издавање на задолжителна тарифна информација** . . . . . 18

А-1-4-5 **Издавање на задолжителна тарифна информација** . . . . . 18

А-1-4-5 **Престанок на важност или поништување на задолжителна тарифна информација** . . . . . 18

**ПРИЛОГ 1 Општа спецификација за деловите на производот кој сукцесивно се пушта во слободен промет**

**ПРИЛОГ 2 Записник за распоредување на стоката според Царинската тарифа**

**ПРИЛОГ 3 Насоки за распоредување на одредена стока според Царинската тарифа**

**ПРИЛОГ 4 Регулативи на Европската Заедница за распоредување на одредена стока**

## А-1 ЦАРИНСКА ТАРИФА

## А-1-1 ЦАРИНСКА ТАРИФА И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКАТА СПОРЕД ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

### А-1-1-1 Општо

Употребата на Царинската тарифа е клучен инструмент со кој царинската служба постигнува правилно распоредување на стоката при увоз или извоз.

Со тарифната ознака на Царинската тарифа се поврзани многу законски и подзаконски прописи. Од овие причини, од правилното распоредување на стоката зависи:
- наплатата на царинските давачки,
- наплата на даноците (ДДВ и акциза),
- примената на нетарифните мерки и мерките на трговската политика,
- статистичките податоци, итн.

Царинската тарифа на Република Македонија е составен дел на Законот за Царинската тарифа (Службен весник на Република Македонија број 23/03 и неговите дополнителни измени).

Царинската тарифа секоја година се усогласува со превземените обврски кои произлегуваат со пристапувањето на Република Македонија кон Светската Трговска Организација (*обврска која произлегува од "Протоколот за пристапување на Република Македонија кон СТО потпишан на 15 октомври 2002 година во Женева ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/03*)) и менува согласно измените на Комбинираната номенклатура на стоки на Европските заедници (*обврска која произлегува од одредбите на член 15 став 2 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европските заедници (ССА) (Службен весник на Република Македонија бр. 28/01*)).

Во Царинската тарифа, покрај номенклатурата, се пропишани:
- царинските давачки,
- задолжителните единечни мерки,
- повластен тарифен третман за одредена стока заради нејзиниот вид или крајна употреба,
- ослободување од плаќање на царински давачки за цивилни воздухоплови и стока за употреба во цивилни воздухоплови,
- правилата за распоредување на стоката во тарифни броеви и тарифни подброеви.

Согласно член 19 од Царински закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/05 со неговите дополнителни измени) (во понатамошниот текст: **Закон**) Царинската тарифа на Република Македонија ја опфаќа номенклатурата на Меѓународната конвенција на хармонизиран систем на имиња и шифрирани ознаки на стоката (Хармонизиран систем) и Комбинираната номенклатура на Европската заедница.

### А-1-1-2 Царински давачки

Царинските давачки може да се поделат во три основни групи и тоа:
- царински давачки кои се применуваат за сите земји (на erga omnes основа)
- преференцијални царински давачки
- автономни царински давачки

#### А-1-1-2-1 Царински давачки кои се применуваат за сите земји (на erga omnes основа)

Во колоната 3 на Царинската тарифа, која е составен дел Законот за Царинска тарифа, се наведени царинските давачки кои се применуваат за стоката со потекло од:
- земјите членки на Светската трговска организација,
- земјите со кои Република Македонија има склучено договори во кои е содржана клаузулата за најповластена нација или со земјите кои оваа клаузула ја применуваат на стоката со потекло од Република Македонија. Овие царински давачки се познати како

МФН царински давачки (царински давачки според клаузулата на најповластена нација-most favoured nation)

Со член 2 од Законот за царинска тарифа е предвидено, Владата на Република Македонија да определи земји, различни од претходно наведените, спрема кои ќе се применуваат царински давачки за 70% повисоки од царинските давачки од колоната 3 на Царинската тарифа, а за стоката за која е определена царинска давачка "слободно"("сл") во колоната 3 на Царинската тарифа да се применува царинска давачка од 30%.

Бидејќи, Владата на Република Македонија нема определено земји спрема кои ќе се применуваат поголеми царинска давачки од наведените во колоната 3 на Царинската тарифа, царинските давачки наведени во колона 3 на Царинската тарифа се применуваат за сите земји.

Царински давачки кои се применуваат за сите земји се нарекуваат царински давачки на **erga omnes** основа.

Бидејќи кон ниту една земја не се применуваат зголемени царински давачки, за **примена на увозните давачки од колона 3 на царинската тарифа**, при увозното царинење не е **потребно поднесување на уверение** за непреференцијално потекло (CERTIFICATE OF ORIGIN**)**

Во колоната 3 на Царинската тарифа се наведени два вида на царински давачки и тоа:

- **царински давачки по вредност** (*ad valorem*)-царински давачки кои се пропишани како процентуални (%) стапки.
- **специфични давачки** - царинските давачки кои се пропишани според единечна мерка.

За одредени тарифни ознаки, во колоната 3 на Царинската тарифа, е наведена царинска давачка по вредност (процентуална стапка) после ознаката "max."(максимална царина) Ваквата царинска давачка после ознаката "max." се применува само ако збирот на пресметаниот износ на царинската давачка по вредност и пресматаниот износ на специфичната давачка е поголем од пресметаниот износ со примена на процентуалната стапка наведена после ознаката "max." за иста тарифна ознака.

## А-1-1-2-2 Преференцијални царински давачки

Преференцијалните царински давачки може да бидат:

- преференцијални царински давачки според Договори за слободна трговија,
- преференцијални царински давачки усвоени еднострано од Република Македонија во однос на одредени земји, група на земји или територии.

### А-1-1-2-2-1 Преференцијални царински давачки според Договори за слободна трговија

За стоката со потекло од земјите со кои Република Македонија има склучено Договори за слободна трговија, не се применуваат царинските давачки од колона 3 на Царинската тарифа, која е составен дел на Законот за царинска тарифа, туку се применуваат преференцијалните царински давачки определени со тие договори.

Преференцијалните царински давачки се применуваат, доколку се исполнети одредбите од Договорите и е приложен соодветен доказ за потекло согласно овие Договори.

Законска основа за примена на преференцијалните царински давачки е член 2 од Законот за Царинската тарифа, точка 3 од Основните правила кои се применуваат за царинските давачки на Царинската тарифа и член 19 став (3) точка г) од Царинскиот закон.

### А-1-1-2-2-2 Преференцијални царински давачки усвоени еднострано од Република Македонија во однос на одредени земји, група на земји или територии

Со член 19 став (3) точка д) од Царинскиот закон е предвидена можност за донесување на преференцијални царински давачки усвоени еднострано од Република Македонија во однос на одредени земји, група на земји или територии.

Во моментот на изготвување на упатството, вакви преференцијални царински давачки не се донесени.

**A-1-1-2-3 Автономни царински давачки**

Со член 19 став (3) точка ѓ) од Царинскиот закон е предвидена можност за донесување на автономни царински давачки.

Во моментот на изготвување на упатството, вакви автономни царински давачки не се пропишани.

**A-1-1-3 Задолжителни единечни мерки**

Со Царинската тарифа, се пропишани единечни мерки за секоја тарифна ознака кои се задолжителни за примена во постапката на царинење.

За некои тарифни ознаки се пропишани повеќе од една задолжителна мерка. Во овој случај декларантот може да избере која од пропишаната единечна мерка за тарифната ознака ќе ја примени.

**A-1-1-4 Повластен тарифен третман за одредена стока заради нејзиниот вид или крајна употреба**

Со Царинската тарифа, се пропишани определени стоки за кои е предвиден "**Повластен тарифен третман заради видот (природата) или крајна употреба на стоката"**.

Постапката за примена на повластен тарифен третман е објаснета во Упатството на Царинска управа број 09-12591/1 од 15.12.2005 година (дел А-7).

**A-1-1-5 Ослободување од плаќање на царински давачки за цивилни воздухоплови и стока за употреба во цивилни воздухоплови**

Во точка А на дел II – ПОСЕБНИ ПРАВИЛА од Царинската тарифа е пропишано ослободување од плаќање на царински давачки за цивилни воздухоплови и стока за употреба во цивилни воздухоплови.

Постапката за ослободување е објаснета во Упатството на Царинска управа број 09-12591/1 од 15.12.2005 година (дел А-7) кое се однесува за повластен тарифен третман.

**A-1-1-6 Номенклатура на Царинската тарифа на Република Македонија**

Номенклатурата на Царинската тарифа на Република Македонија е изготвена врз основа на:

- Хармонизираниот Систем *(шестоцифрено расчленување*),
- Комбинираната номенклатура на Европската Заедница *(осмоцифрено расчленување*).

Расчленувањето на девето и десето место е на национална основа.

**A-1-1-6-1 Хармонизиран Систем**

Хармонизираниот Систем, познат како "*ХС номенклатура*", е номенклатура за интернационални потреби, изработена под покровителство на Светската Царинска организација. Во неа се опфатени аспекти од трговија, транспортот и статистика. Таа е важна и за сите преговарања од аспект на тарифата како на пример GATT, WCO комитетот.

*ХС номенклатурата* е составена од околу 5000 групи на распоредување кои се на **шестоцифрено ниво** подредени согласно законска и логична структура која се базира на точно пропишани правила.

**А-1-1-6-1-1 Структура на Хармонизиран Систем**

Харминизираниот систем е изготвен на следниов начин:

***Табела 1: Основна структура на Хармонизиран систем***

| **Основна структура** | **Објаснување** |
|---|---|
| Основни правила за примена | Тоа се правилата за распоредување |
| Оддели (21) | Еден Оддел се состои од одреден број на Глави и вклучува одредена група на стока (Оддел I вклучува на пример "живи животни и производи од животинско потекло"). |
| Глави (97) | Одреден број на Глави формира Оддел. На пример, Оддел I е расчленет на пет(5) Глави и започнува од "живи животни" (Глава 1) па се до крај вклучувајќи други "производи од животинско потекло, на друго место неспомнати ниту опфатени" (Глава5). |
| Тарифен број | Тарифните броеви се расчленување на Главите. За Глава 1 (живи животни), тарифниот број 0101 гласи "живи коњи, магариња, маски и мулиња", а тарифниот број 0105 вклучува "живи птици". |
| Под-броеви на тарифните броеви (*тарифни подброеви*) | Под-бројот е потесно расчленување на тарифниот број. Тарифниот број 0105 (живи птици) е расчленет понатаму на прв тарифен подброј "живина од видот Gallus domesticus", вториот е "мисирки" а третиот "друго". |

Структурата на Хармонизираниот систем накратко е прикажана во следниов редослед:

***Табела 2: Структура на Хармонизираниот систем***

| **Глава** | **Објаснување** |
|---|---|
| 1 - 5 | Животни и производи од животинско потекло |
| 6 - 14 | Растенија и растителни производи |
| 15 - 24 | Масла и масти, приготвена храна, алкохол и тутун |
| 25 - 40 | Минерали, руди, производи на хемиска индустрија и сродни индустрии, пластика и гума |
| 41 - 49 | Кожа, дрво, хартија и производи од нив |
| 50 - 67 | Текстил, облека и обувки |
| 68 - 83 | Камен, керамика, стакло, метал и производи од метал |
| 84 - 89 | Машини, електроника и превозни средства |
| 90 - 92 | Оптичка опрема и инструменти |
| 93 - 97 | Разни производи, како на пример, оружје, мебел, играчки и предмети на уметност |

Во Одделите и Главите принципот на расчленување е на таков начин што првото расчленување започнува со суровини а завршува со готови производи. Како пример за ова е расчленувањето на Глава 18:

*Табела 3: Какао и производи од какао*

| **Тарифен број** | **Опис** |
|---|---|
| 1801 | Какао во зрно (*суровина*) |
| 1802 | Лушпи и кори од какао (*суровина*) |
| 1803 | Какаопаста (*полупроизвод*) |
| 1804 | Какао путер (*полупроизвод*) |
| 1805 | Какао во прав (*краен производ*) |
| 1806 | Чоколади и др. (*краен производ*) |

Исто така, во Хармонизираниот Систем за распоредувањето на стоката во соодветен Оддел или Глава се пропишани забелешки. Забелешките кои во Царинската тарифа на Република Македонија се наведени како: "***Забелешки***", "***Забелешки за тар. број***" или "***Забелешки за тар. подброј***" се забелешки на Хармонизираниот Систем.

### А-1-1-6-1-2 Означување

Тарифните броеви се означени со комбинација на цифри. Првите две цифри го означуваат бројот на Главата во која овој тарифен број припаѓа. Последните две цифри го означуваат местото во самата Глава. Овие тарифни броеви понатака повторно се делат на тарифни подброеви. Тарифните подброеви се означени со цртички. Тарифниот подброј на прво ниво се означува со една цртичка, а тарифниот подброј на второ ниво, кој произлегува од него, се означува со две цртички.

Тарифните подброеви на пониско ниво имаат ознака која се состои од шест цифри.

**Пример:**

| | |
|---|---|
| **0103** | **Свињи живи:** |
| 0103 10 | –**Чисти раси за приплод** |
| | –**Други:** |
| 0103 91 | ––**Со маса помала од 50 кг** |
| 0103 92 | ––**Со маса од 50 кг или поголема** |

Во дадениот пример, тарифниот број се состои од две главни расчленувања и тоа: "**Чисти раси за приплод**" и "**Други**".

Првото расчленување (тарифен подброј) "**Чисти раси за приплод**" е шестоцифрена ХС-номенклатура (расчленување на прво ниво, со една цртичка) и понатаму не се дели.

Второто расчленување (тарифен подброј) "**Други**" (расчленување на прво ниво, со една цртичка) понатака се дели на второ ниво (на два тарифни подброја, со две цртички) и тоа "**Со маса помала од 50 кг"** и **"Со маса од 50 кг или поголема".** Тарифните подброеви на пониско ниво (второ ниво) имаат ознака од шест цифри.

### А-1-1-6-2 Комбинираната номеклатура на Европската Заедница

Комбинираната номенклатура на Европската Заедница за првпат е објавена како Анекс I на Регулатива на Советот на ЕЗ број 2658/87 од 23 јули 1987 за царинска и статистичка номенклатура и за Заедничка Царинска Тарифа, со примена од 1 јануари 1988 год.

Анексот I (Комбинираната номенклатура) на претходно наведената Регулатива, секоја годени се менува и објавува во Службен весник на ЕЗ (серија "L") и тоа на крајот на месец октомври со примена наредната година од годината кога е објавена.

Таа е базирана на Хармонизираниот Систем на Светската Царинска Организација и не може да отстапува од Хармонизираниот Систем, така што сите шестоцифрени ознаки на *ХС номенклатураа* се превземени. На овие ознаки се додаваат уште две цифри за понатамошно расчленување (заради трговски и статистички цели) при што се добива проширена номенклатура.

**Пример:**

| | |
|---|---|
| **0103** | **Свињи живи:** |
| 0103 10 00 | –**Чисти раси за приплод** |
| | –**Други:** |
| 0103 91 | ––**Со маса помала од 50 кг:** |
| 0103 91 10 | –––Домашни видови |
| 0103 91 90 | –––Други |

Тарифниот подброј 0103 10 00 на Комбинираната номенклатура се добива така што на номенклатурата на Хармонизираниот Систем и тоа на тарифниот број 0103 "**Свињи живи**" и на тарифниот подброј 0103 10 **"Чисти раси за приплод**" се додаваат две нули.

Тарифниот подброеви 0103 91 10 (Домашни видови) и 0103 91 90 (Други) на Комбинираната номенклатура се добива така што на номенклатурата на Хармонизираниот Систем и тоа на тарифниот број 0103 "**Свињи живи**" и на тарифните подброеви **"Други**"*(прво ниво на расчленување) и* " **Со маса помала од 50 кг**" (*второ ниво на расчленување)* се додаваат две цифри "10" односно "90".

Комбинираната номеклатура опфаќа и законски забелешки кои во Царинската тарифа на Република Македонија се вклучени и се наведени како: "***Дополнителни забелешки***".

**А-1-1-6-3 Национална номеклатура**

Во Царинската тарифа на Република Македонија, која е составен дел на Царинскиот закон, тарифните ознаки за кои се пропишани царински давачи и задолжителни единечни мерки се со вкупно десет цифри (**6 цифри** (ХС номенклатура) **+ 2 цифри** (Комбинирана номенклатура) **+ 2 цифри** (Национална номенклатура))

Значи, расчленувањето на деветто и десето место е на национална основа-национална номенклатура.

**Пример:**

| | |
|---|---|
| **0106** | **Други животни, живи:** |
| | –**Цицачи:** |
| 0106 11 00 00 | – –**Примати**........................................ |
| 0106 12 00 00 | – –**Китови, делфини и морски прасиња (цицачи од видот *Cetacea*); морски крави (цицачи од видот *Sirenia*)**........................................ |
| 0106 19 | – –**Други:** |
| 0106 19 10 00 | – – –Домашни зајаци........................................ |
| | – – –Други: |
| 0106 19 90 10 | – – – –Кучиња и мачки........................................ |
| 0106 19 90 90 | – – – –Други........................................ |

Тарифната ознака 0106 19 90 10 " Кучиња и мачки" на Царинската тарифа на Република Македонија е добиена така што на номенклатурата на Хамонизираниот Систем за тар. број 0106 "**Други животни, живи**" и за тар. број 0106 19 "**Други"** и на Комбинираната номенклатура на ЕЗ за тар. подброј 0106 19 90 "Други" се додава бројката 10".

Бројот на цртичките секогаш зависи од нивото на расчленување.

**А-1-1-7 Распоредување на стоката во тарифни броеви, тарифни подброеви и тарифни ознаки**

Под **распоредување на стока** се подразбира утврдување на тарифни броеви, тарифни подброеви и тарифни ознаки од Царинската тарифа во која стоката треба да се распореди (член 19 став (6) од Царинскиот закон).

**А-1-1-7-1 Основни правила за примена на Царинската номенклатура**

Законска основа за распоредување на стоката според Царинската тарифа на Република Македонија се Основни правила за примена на Царинската номенклатура.

Основните правила за примена на Царинската номенклатура се правила на Хармонизираниот Систем, истите се превземени од него и вградени во Царинската тарифа на Република Македонија.

Постојат шест (**6**) Основни правила за примена на Царинската номенклатурата кои овозможуваат униформност во примената на номенклатурата.

Основните правилата од еден (**1**) до пет (**5**) се однесуваат за распоредување на стока во рамки на тарифни броеви (ознака од четири цифри) а Основното правило шест (**6**) се однесува за распоредување на стоката во рамките на тарифни подброеви.

Нивната примена **е редоследна**, односно ако не може да се примени Основното правило 1 се преминува на Основното правило 2, итн.

Во **Коментарот на Хармонизираниот Систем** (страна 7 до 14) детално е објаснето секое Основно правило.

**А-1-1-7-2 Коментар на Хармонизираниот Систем**

Иако Коментарот на Хармонизираниот Систем не сочинува интегрален дел на Конвенцијата на Хармонизираниот Систем, истиот е одобрен од страна на Царинскиот совет за соработка (Светската Царинска Организација) и претставува едно од најсовршените средства на оваа организација за официјално толкување на

Хармонизираниот Систем на меѓународно ниво и е неопходно дополнение на Конвенцијата на Хармонизираниот Систем.

За правилно толкување на Хармонизираниот Систем секогаш е корисно, а понекогаш и суштинско, повикувањето на Коментарот на Хармонизираниот Систем. Истиот обезбедува коментар на делокругот на опфаќање на секој тарифен број, наведувајќи ги главните производи кои се вклучуваат/исклучуваат во/од тарифниот број, техничкиот опис на стоката (изгледот, карактеристиките, методите на производство и употреба) како и практично упатство за нивна идентификација.

Од предходно изнесеното, а земајќи ги предвид одредбите на член 19 став (3) точка а) од Царинскиот закон во кои е наведено дека Царинската тарифа се состои од номенклатурата на стоката изготвена врз основа на Хармонизираниот Систем и Комбинираната номенклатура на Европската Заедница пропишана со посебен закон (прилог на Законот за царинската тарифа), **примената на Коментарот на Хармонизираниот Систем е задолжителна во секојдневното царинско работење**.

**Задолжителна примена на Коментарот на Хармонизираниот Систем** придонесува кон унифицирано и правилно распоредување на стоката според Царинската тарифа, како и правилна примена на другите закони поврзани со Царинската тарифа.

### A-1-1-7-3 Корисни информации за распоредување на стоката

Како информации кои царинските работници треба да ги корист при распоредување на стоката се следниве:

**домашен извор:**

-Задолжителни тарифни информации (види дел А-1-4 на ова Упатство) издадени од страна на Царинската управа кои се испраќаат во писмена форма до сите царинарници и истите се дадени на интернет страницата на Царинската управа (http://www.customs.gov.mk) (во мени "Увоз-Извоз/Царинска тарифа") . Овие информации се задолжителни за примена од страна на царинските службеници.

- Насоки за распоредување на стоките според Царинската тарифа кои се испраќаат во писмена форма до сите царинарници (види дел А-1-3 на ова Упатство) (дел од нив се објавени на интернет страницата на Царинската управа).

-Извештај за резултатите од извршени анализи од страна на Службата за лабораторија кои се испраќаат во писмена форма до сите царинарници.

**странски извор:**

-Коментар на Комбинирана номенклатура на ЕЗ ("Службен весник на ЕЗ" серија "C" број 256/2002, со дополнителни измени (http://europa.eu.int/eur-lex/pri/en/oj/dat/2002/c_256/c_25620021023en00010359.pdf)

-Задолжителни тарифни информации на ЕЗ (голема база од околу 170.000 издадени задолжителни тарифни информации од земјите членки на ЕЗ (http://europa.eu.int/comm/taxation_customs/dds/cgi-bin/ebtiquer?Lang=EN)

-Листа на околу 35.400 хемиски имиња (околу 28.600 хемиски супстанци) за кои може да се добие информација за нивно распоредување во Комбинираната номенклатура на ЕЗ. Пребарувањето може да се врши и по CAS или CUS број ( http://europa.eu.int/comm/taxation_customs/dds/cgi-bin/eciquer?Periodic=0&Lang=EN)

-Распоредување на стоките според Комбинираната номенклатура, кои ЕЗ ги објавува во Службен весник серија "L" (http://europa.eu.int/eur-lex/en/lif/reg/en_register_116060.html)

-База на подаци за распоредување на стоките од интернет страницата на САД (http://rulings.customs.gov/). Оваа база може да се користи **само до шестоцифрено расчленување**).

Во повеќето од овие информации е наведена и законската основа применета за распоредување на стоката, која се наведува во записникот наведен во **А-1-2** на ова Упатство.

### A-1-1-7-4 Сукцесивен увоз

### A-1-1-7-4-1 Законска основа

1. Во член 7 од Законот за Царинската тарифа е наведено дека за несоставени производи или за производи во разглобена состојба чии делови се увезуваат сукцесивно, преку една или повеќе царинарници може, на барање на декларантот, да се распоредат во тарифната ознака за составениот производ, со примена на царински давачки за составениот финален производ.

2. Во Основното правило 2(а) е наведено:

   "Како производ што е наведен или опфатен во наименувањето на тарифниот број се смета и производот кој е некомплетен или недовршен, под услов при царинењето да има суштествени својства на комплетен или довршен производ. **Тарифниот број исто така го опфаќа тој производ, комплетен или довршен (или производ што се распоредува како комплетен или довршен со примена на ова правило), ако се царини несоставен или во разглобена состојба."**

   Во Коментарот на Хармонизираниот Ситем (страна 1196) за основното правило 2 (а) подетално е објаснето распоредувањето на машините кои се царинат како некомплетни или несоставени.

3. Во дополнителната забелешка 3 за Оддел XVI и на дополнителната забелешка 2 за Оддел XVII на Царинската тарифа е наведено дека одредбите на основното правило 2 (а) исто така се применуваат, на барање на подносителот и се предмет на условите пропишани од страна на компетентните надлежни органи, за стока увезена во разглобена состојба.

4. Во Коментарот за Комбинираната номенклатура на Евраската Заедница ("Службен весник на ЕЗ" број C 256/02) кој се однесува на дополнителната забелешка 3 за Оддел XVI и на дополнителната забелешка 2 за Оддел XVII е наведено:

   "Заради комерцијални и транспортни погодности машината полесно се испорачува несоставена или во разглобена состојба во повеќе пратки во различни временски периоди.

   Декларантот при декларирање на различните составни делови во ист тарифен број како составена машина, мора најкасно до пристигнувањето на првата пратка да поднесе писмено барање за сукцесивно царинење до надлежната царинарница, кон кое треба да приложи:

   (а) скица или, ако е потребно повеќе скици на машината со запишани сериски броеви на најважните составни делови;

   (б) општа спецификација во која се наведени карактеристики и приближна маса на различните делови како и сериски броеви на основните делови.

   Барањето може да се прифати единствено ако е во согласност со договорот за испорака или машината, во согласносто со одредбите на Комбинираната номенклатура, може да се смета како копмплетна.

   Сите составни делови мора да бидат увезени преку исто место и во рамки на дозволениот рок. Меѓутоа, надлежниот орган во посебни околности може да дозволи увоз преку повеќе места. Дозволениот рок за увоз не смее да се надмине, освен во посебни околности врз основа на оправдано барање за продолжување на рокот, доставено до надлежниот органи

   За секој поединечен увоз мора да биде изготвена спецификација на деловите, која се повикува на горенаведената општа спецификација. Царинската декларација за секоја пратка мора да содржи опис на тие делови, кои ја сочинуваат пратката, од аспект на комплетната машина."

### A-1-1-7-4-2 Спроведување на постапката

5. Декларантот кој сака да изврши сукцесивно пуштање во слободен промет на различни составни делови и при тоа истите да ги декларира во тарифната ознака на комплетни или довршени:
   - машини од Оддел XVI,
   - возила и придружна транспортна опрема од Оддел XVII,
   - конструкции од тарифен број 7308, како и
   - монтажни згради од тарифен број 9406

   на номенклатурата на Царинска тарифа, мора да поднесе барање за одобрување на сукцесивно пуштање во слободен промет пред пристигнувањето на првата пратка од несоставениот или разглобен производ. Барањето се поднесува до царинарницата која е

месно надлежна според седиштето на декларантот/увозникот. Барањето мора да ги содржи следниве податоци:

- даночен број и полн назив и адреса на декларантот и увозникот;
- назив на странската фирма продавач на стоката;
- вообичаен комерцијален назив на комплетниот производ, со податоци за идентификација на стоката во комерцијална смисла (*марка, тип, модел*) тарифна ознака и наименување на стоката според номенклатурата на Царинска тарифа;
- рок во кој се предвидува да се увезуваат сукцесивно деловите на стоката;
- назив на царинската испостава каде ќе биде спроведена постапката на сукцесивно пуштање на стоката во слободен промет.

6. Кон барањето задолжително се приложуваат следниве документи:
   - купопродажен договор;
   - општа спецификација за деловите од кои ќе биде составен коплетниот производ, со податоци за идентификација на стоката во комерцијална смисла (*марка, тип, модел*);
   - други документи потребни за распоредување на стоката согласно номенклатурата на Царинска тарифа како и за утврдување на царинската вредност (проспекти, цртежи, скици, фактури и др.)

7. Општата спецификацијата за деловите (склопови, подсклопови и елементи) од кои е составен комплетниот производ, мора да ги содржи следниве податоци:
   - вообичаен комерцијален назив на комплетниот производ;
   - тарифна ознака според номенклатурата на Царинска тарифа, количина и вредноста на комплетниот производот;
   - назив на деловите, склоповите, подсклоповите, елементите, од кои е составен комплетниот производ (без оглед на тоа, како деловите, склоповите, подсклоповите и елементите на производот сукцесивно ќе се увезуваат во несоставена или разглобена состојаба), како и нивна количина, вредност и приближна маса (кг). За основните делови треба да се наведат нивните сериски броеви;
   - назив на елементите и материјалите, неопходни за составување на производот и негово пуштање во работа, како и нивна количина, вредност и приближна маса (кг).

   Општата спецификација се составува врз основа на расположиви податоци и документи (цртежи, проектна документација, инвестициски елаборат, упатства за користење, проспекти од производителот, итн.). Општата спецификација се пополнува на образец, во три примероци, кој одговара на примерокот даден во Прилог 1 на оваа Упатство.

8. Податоците за вредноста на поединечните составни делови се запишуваат во општата спецификација и мора да бидат усогласени со купопродажните документи. Подносителот на барањето или друго лице кое располага со потребните (соодветни) податоци мора на царинскиот орган да му ги обезбеди сите потребни податоци кои што се од значење за утврдување на царинската вредност на стоката.

9. По приемот на барањето заедно со соодветните прилози се именува трочлена комисија, која проверува:
   - дали се исполнети условите од Основното правило 2 (а) за примена на номенклатурата на Царинската тарифа,
   - дали комплетниот производ кој е несоставен или е во разглобена состојба е правилно распореден според номенклатурата на Царинската тарифа (тарифната ознака). Посебно треба да се обрне внимание на забелешката 4 за Оддел XVI кој се однесува за "функционални единици" (види стр. 1197-1198 на Коментарот на Хармонизираниот Систем).
   - дали се исполнети условите за сукцесивно царинење согласно дополнителна забелешка 3 за Оддел XVI и дополнителната забелешка 2 за Оддел XVII на Царинската тарифа како и Коментарското објаснување на Хармонизираниот Систем за тарифните броеви 7308 и 9405.

   За утврдената состојба Комисијата составува записник.

10. Ако се исполнети условите за сукцесивно пуштање на стоката во слободен промет, надлежната царинарница издава решение, со кое се одобрува сукцесивно пуштање во слободен промет. Решението мора да ги содржи следниве податоци:
   - вообичаен комерцијален назив и количина на комплетниот производ и тарифна ознака во која се распоредува според номенклатурата на Царинска тарифа;
   - вредност на стоката;
   - царински испостави преку кои ќе се спроведува сукцесивното пуштање на стоката во слободен промет;
   - надзорна царинска испостава која ќе ја води евиденцијата при спроведување на сукцесивното пуштање на стоката во слободен промет преку повеќе царински испостави;
   - рок во кој се планира започнување и завршување на увозот.

11. После донесувањето на решение, царинарницата во општата спецификација за деловите која е оверена од членовите на комисијата со своерачен потпис и факсимил го запишува бројот на решението со кое се одобрува сукцесивно пуштање во слободен промет и ја оверува со службен печат. Еден примерок од општата спецификација заедно со решението и пропратната документација задржува царинарницата, вториот примерок заедно со решението се доставува до подносителот на барањето, а третиот примерок заедно со решението се доставува до царинската испостава каде ќе биде спроведено пуштањето на стоката во слободен промет или до надзорната царинска испостава која ќе ја води евиденцијата при спроведување на сукцесивното пуштање на стоката во слободен промет преку повеќе царински испостави.

12. Подносителот на барањето за сукцесивно пуштање на стоката во слободен промет, после издавањето на решението, може да бара промена на податоците во општата спецификација за деловите во поглед на видот, количината, вредноста, масата (кг) и сериските броеви. Царинарницата за промените издава дополнително решение.

13. Стоката може да се пушти во слободен промет само преку царинските испостави кои се наведени во решението.

14. При царинење на првата пратка, кон царинската декларација (ЕЦД) се приложуваат оригинални документи и тоа:
   - решението за одобрување на сукцесивно пуштање во слободен промет заедно со општата спецификација за деловите;
   - **поединечна спецификација** за деловите кои се пуштаат во слободен промет со предметната царинска декларација (ЕЦД);
   - потврди/одобренија/решенија/дозволи и други документи издадени од разни министерства ако се потребни за пуштање во слободен промет на **финалниот производ**, доказ за потекло на стоката, итн.

   **Поединечна спецификација** за деловите мора да содржи податоци за царинската испостава каде е декларирана стоката за пуштање во слободен промет (шифра и назив на царинската испостава), број и датум на решението за одобрен сукцесивен увоз, детални податоци за видот, количината и вредноста на стоката, како и повикување на редниот број од општата спецификација за деловите. Се изготвува во два или во три примероци, од кој еден примерок е наментет за декларантот, вториот примерок е наменет за царинската испостава каде се врши царинењето, а третиот примерок е наменет за надзорната царинска испостава кога е одобрено сукцесивното пуштање на стоката во слободен промет преку повеќе царински испостави.

   Царинската испостава, каде се врши царинење на првата пратка, со приложените документи кон царинската декларација (ЕЦД) постапува на следниот начин:

   - врши отпис на општата спецификацијата за деловите (на примерокот наменет за декларантот и на примерокот наменет за надзорната царинска испостава доколку надзорна царинска испостава е испоставата каде се врши царинењето) со наведување на број и датум на ЕЦД, потпис на одговорниот царински работник и службен печат на испоставата. Вака отпишаниот примерок од општата спецификацијата за деловите му се враќа на декларантот.

- ја оверува поединечната спецификација за деловите со наведување на број и датум на ЕЦД, потпис на одговорниот царински работник и службен печат на испоставата. Еден примерок од оверената поединечна спецификација за деловите се враќа на декларантот, еден примерок се приложува кон ЕЦД, а еден примерок се испраќа до **надзорната** царинска испостава кога е одобрено сукцесивното пуштање на стоката во слободен промет преку повеќе царински испостави. Надзорната царинска испостава врз основа на поединечните спецификации за деловите врши отпис на општата спецификацијата за деловите.
- ги оверува потврдите/одобренијата/решенијата/дозволите и други документи издадени од разни министерства како и доказот за потекло или други документи приложени кон ЕЦД. Оригиналоните документи царинската испостава ги задржува и приложува кон ЕЦД, а оверени копии од документите се враќаат на декларантот.

При царинењето на следните пратки потребно е кон царинската декларација (ЕЦД) да се приложат оверените копии од документите кои при царинењето на првата пратка биле задржани (потврди/одобренија/решенија/дозволи и други документи издадени од разни министерства како и доказот за потекло на стоката). Со општата спецификација за деловите и со поединечната спецификација за деловите царинската испостава постапува на ист начин како и при царинењето на првата пратка.

15. При сукцесивно пуштање на стока во слободен промет, во рубрика 31 на ЕЦД се запишува забелешката "**Сукцесивно пуштање на стока во слободен промет по приложена поединечна спецификација"**, а во одделни рубрики од ЕЦД се запишуваат следниве податоци:
    - во рубрика 33 (прва и втора подрубрика), се запишува тарифната ознака на финалниот производ;
    - во рубрика 33 (трета подрубрика), се запишува шифра од кодексот на шифри на задолжителната единица мерка за финалниот производ;
    - во рубрика 33 (пета подрубрика), се запишува бројот "7000";
    - во рубрика 41, се запишува децимален број кој се пресметува со делење на фактурната вредност на пратката која се увезува со вкупната вредност од решението за одобрување на сукцесивниот увоз (на пример, ако во решението за сукцесивен увоз количината во единица мера е 1 со вкупна вредност 115.624 парични единици и при првата пратка се увезува дел од пратката со фактурна вредност од 67.823 парични единици, во оваа рубрика се запишува "0,59". Овој број се добива кога фактурната вредност на првата пратката ќе се подели со вкупната вредност од решението за сукцесивен увоз (67823:115624=0,586583));
    - во рубрика 44, за приложени документи се запишува шифра "**I23**" и бројот и годината на решението за одобрување на сукцесивен увоз во формат број/година (на пример, во Царинарница Скопје е донесено решение за одобрување на сукцесивен увоз со број 07-4685/22.10.2006 година, ќе се запише "4685/2006");
16. Царинската испостава при пуштање во слободен промет на секоја поединечна пратка ја утврдува царинската вредност на стоката согласно важечките прописи за утврдување на царинската вредност.
17. Во случај кога царинската испостава која ја пуштила стоката во слободен промет не е и надзорна царинска испостава, после пуштањето на поединечната пратка, ја испраќа поединечната спецификација за деловите до надзорнатат царинска испостава. Надзорната царинска испостава води евиденција за сукцесивното пуштање во слободен промет врз основа на доставените поединечни спецификации за деловите.
18. Подносителот на барањето за сукцесивно пуштање во слободен промет ја известува надзорната царинска испостава за пуштањето на последната пратка на стоката од општата спецификација за деловите во рок од 30 дена по пуштањето во слободен промет.
19. Ако надзорната царинска испостава после пуштањето на стоката утврди дека општата спецификаци не е во целост раздолжена, бара од подносителот на барањето за

сукцесивно пуштање на стоката во слободен промет дополнителни податоци и појаснувања заради утврдување на реалната состојба.

20. Надзорната царинска испостава, согласно член 90 од Царинскиот закон, може да изврши дополнителна контрола кај корисникот на стоката сукцесивно пуштена во слободен промет, заради проверка на веродостојноста на податоците наведени во царинските декларациии.

## A-1-2 ПРОВЕРКА НА ЦАРИНСКА ДЕКЛАРАЦИЈА

При проверка на царинската декларација, односно за да може да се изврши контролата на распоредувањето на стоката според Царинската тарифа, потребно е во царинската декларација или во приложените документи кон царинската декларација да бидат наведени сите потребни податоци за да може стоката да се распореди во соодветна тарифна ознака на Царинската тарифа.

Доколку од податоците наведени во приложените документи кон царинската декларација недостасуваат податоци од кои зависи распоредувањето на стоката според Царинската тарифа, задолжително треба да се бараат дополнителни документи од декларантот/застапникот (на пример, каталози, производна спецификација, итн.)

Доколку при проверка на царинската декларација е утврдено дека стоката не се распоредува во тарифна ознака која што е наведена во царинската декларација се изготвува "Записник за распоредување на стоката според Царинската тарифа", во два примерока, на образец даден во Прилог 2 на ова Упатство. Еден примерок од записникот е наменет за декларантот/записникот, а другиот примерок за царинската испостава која го изготвила записникот. При тоа се спроведува постапката наведена во Упатството за постапка на царинење на стока со број 07-11784/1 од 25.11.2005 година на Царинската управа.

При пополнување на Записникот за за распоредување на стоката според Царинската тарифа, **задолжително мора да се наведе законската основа** врз основа на која е извршено распоредување на стоката (види дел **A-1-1-7** на ова упатство). Како законската основа треба да биде наведено:

1. Повикување на основните правила применети за распоредување на стоката (**овој податок е задолжителен за пополнување**). Секогаш кога стоката се распоредува на десетоцифрена тарифна ознака се применува и основното правило **6** (Претходните основни правила се однесуваат за распоредување на четирицифрено расчленување (тарифни броеви)) .
2. Повикување на одредени забелешки кон Одделите или Главите на Царинската тарифа, повикувања на одредени исклучувања, како и повикување на Коментарот на Хармонизираниот Систем на Светската Царинска Организација (**овие податоци се задолжителни за пополнување доколку се применуваат**).

## A-1-3 НАСОКИ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКА СПОРЕД ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

### A-1-3-1 Насоки што ги носи Царинската управа за распоредување на одредена стока според Царинската тарифа

Заради униформана примена на Царинската тарифа, Царинската управа донесува насоки за распоредување на определена стока според Царинската тарифа кои ќе бидат дадени во Прилог 3 на ова Упатство.

Во табелава подолу се наведени одредени насоки за распоредување на одредени видови на стока според Царинска тарифа, издадени од Царинската управа, пред изработа на ова упатсво, а кои и понатаму ќе се применуваат.

| Број на Насока | Датум | Наслов на Насока |
|---|---|---|
| 09 - 7771/1 | 17.09.2003 година | Распоредување на соино брашно |
| 09 - 379/1 | 15.01.2004 година | Распоредување на "Garbanzos" |
| 09 - 380/1 | 15.01.2005 година | Распоредување на лешници |
| 09 - 2523/1 | 08.03.2005 година | Распоредување на прибор за цевки |
| 09 - 3263/1 | 24.03.2004 година | Распоредување на чоколадно млеко |
| 09 - 3262/1 | 24.03.2004 година | распоредување на отпадоци од тутун |
| 09 - 5070/1 | 08.05.2004 година | Распоредување на затворачи од пластични маси |
| 09 - 5143/1 | 12.05.2004 година | Распоредување на апарати за фотокопирање |
| 09 - 7027/1 | 30.06.2004 година | Распоредување на џемови, мармелади, овошни желеа, пире од овошје и јатчесто овошје |
| 09 - 11201/1 | 16.11.2004 година | Распоредување на сијалично грло |
| 09 - 11642/1 | 29.11.2004 година | Распоредување на бобинки од смрека |
| 09 - 12725/1 | 30.12.2004 година | Распоредување на патнички караван |
| 09 - 303/1 | 14.01.2005 година | Распоредување на производи што содржат витамини и минерали |
| 09 - 1638/1 | 17.02.2005 година | Распоредување на пченица |
| 09 -1155/1 | 04.02.2005 година | Распоредување на HP Design jet |
| 09 - 1984/1 | 28.02.2005 година | Распоредување на алуминиумски ленти за ролетни |
| 09 - 3376/1 | 05.04.2005 година | Распоредување на жица од железо и нелегиран челик |
| 09 - 6199/1 | 15.06.2005 година | Распоредување на NIVEDUR P |
| 09 - 8081/1 | 09.08.2005 година | Распоредување на алуминиумски радијатори |
| 09 - 8269/1 | 16.08.2005 година | Распоредување на свински ребра |
| 09 - 12162/1 | 02.12.2005 година | Распоредување на "кант траки" |

Во долната табела се наведени одредени насоки за распоредување на стока според Царинската тарифа, издадени од Царинската управа, во кои постои повикување на тарифна ознака на Царинска тарифа која претрпела измена со важечката Царинска тарифа.

За примена на овие насоки потребно е да се изврши корелација на старите тарифни ознаки со новите тарифни ознаки од важечката Царинска тарифа.

| Број на Насока | Датум | Наслов на Насока |
|---|---|---|
| 09 - 302/1 | 14.01.2005 година | Распоредување на радио-базни станици |
| 09 - 6609/1 | 07.08.2003 година | Распоредување на компјутерска опрема |

### A-1-3-2 Регулативи на Европската Заедница за распоредување на одредена стока

Заради униформна примена на Царинската тарифа, како и превземените обврски со член 15 став 2 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европските заедници (ССА) ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/01), а имајќи предвид дека Царинската тарифа на Република Македонија **ја опфаќа** Номенклатурата на Хармонизираниот Систем и **Комбинираната номенклатура на Европската Заедница** (член 19 став (3) точка а) на Царинскиот закон, **во овој дел на Упатството** се дадени **распоредувања според номенклатурата на Царинската тарифа** на определена стока објавени во Службен весник на Европската Заедница.

Во долната табала се наведени Насоките за распоредување Царинска тарифа на определена стока објавена во Службен весник на Европска Заедница, издадени од страна на Царинската управа пред изработка на ова упатство, а кои и понатака ќе се применуваат.

| **Број на Насока** | **Датум** | **Наслов на Насока** |
|---|---|---|
| 09 - 8977/1 | 09.09.2005 година | ЕЗ Регулатива број 129/2005 за распоредување на одреден вид на стока |
| 09 - 8976/1 | 09.09.2005 година | ЕЗ Регулатива број 634/2005 за распоредување на одреден вид на стока |
| 09 - 10199/1 | 14.10.2005 година | ЕЗ Регулатива број 635/2005 за распоредување на одреден вид на стока |
| 09 - 10198/1 | 14.10.2005 година | ЕЗ Регулатива број 266/2005 за распоредување на одреден вид на стока |
| 09 - 10197/1 | 14.10.2005 година | ЕЗ Регулатива број 223/2005 за распоредување на одреден вид на стока |
| 09 - 10196/1 | 14.10.2005 година | ЕЗ Регулатива број 1196/2005 за распоредување на одреден вид на стока |
| 09 - 10195/1 | 14.10.2005 година | ЕЗ Регулатива број 1139/2005 за распоредување на одреден вид на стока |
| 09 - 10200/1 | 14.10.2005 година | ЕЗ Регулатива број 1199/2005 за распоредување на одреден вид на стока |
| 09 - 10629/1 | 14.10.2005 година | ЕЗ Регулатива број 1655/2005 за распоредување на одреден вид на стока |

Види дел А-1-1-7-3 од оваа упатство каде е објаснето како да се пронајдат овие Регулативи на Инетрнет. Исто така како корисна Интернет страна може да ви послужи: http://ccvista.taiex.be/download.asp. Тука се објавуваат преводите на евроското право на македонски јазик.

Во иднина во Прилог 4 на ова упатство ќе бидат дадени распоредувања на определена стока објавена во Службен весник на Европската Заедница.

## А-1-4 ЗАДОЛЖИТЕЛНА ТАРИФНА ИНФОРМАЦИЈА

### А-1-4-1 Вовед

Задолжителна тарифна информација[1] (ЗТИ) е клучен инструмент за правилна примена на Законот на царинска тарифа. Таа е наменета за да им олесни на фирмите правилно распоредување на стоката според Царинска тарифа. На овој начин тие однапред ќе го знаат тарифното распоредување на стоката што имаат намера да ја увезуваат или извезуваат.

Главните цели на Задолжителната тарифна информација се:

- да обезбеди соодветна правна гаранција на фирмите;
- да обезбеди униформно толкување и примена на номенклатурата на Царинската тарифа во целата држава;
- да обезбеди правилно утврдување на увозните давачки, даноците, како и примена на други правни мерки кои се поврзани од распоредувањето на стоката.

---

[1] Кратенка ЗТИ (на англиски: BTI)

### A-1-4-2 Законска основа

Законска основа за издавање на задолжителна тарифна информација е следнава:

- Царински закон (член 10 и 11) ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/05) со неговите дополнителни измени (во понатамошниот текст: Закон);
- Уредба за спроведување на царинскиот закон (член 6 до член 10) ("Службен весник на Република Македонија" број 66/2005) и нејзините дополнителни измени (во понатамошниот текст: Уредба);

Задолжителната тарифна информација може да ја користи само имателот на информацијата, во согласност со член 9 од Уредбата.

Задолжителната тарифна информација може да се користи само во момент на царинење при увоз или извоз на стоката, односно пред да биде завршена постапката на царинење. **Задолжителната тарифна информација не може да се употреби ретроактивно.**

Имателот на информација при спроведувањето на царинските формалности е должен да го информира царинскиот орган дека поседува задолжителна информација во поглед на стоката која се царини.

Имателот на информацијата, задолжителната тарифна информација може да ја користи во поглед на конкретната стока само ако царинскиот орган утврди дека предметната стока одговара во секој поглед со онаа опишана во приложената информација.

Доколку имателот на иформацијата не се согласува со законските основи за распоредувањето на стоката во издадената ЗТИ, има право на жалба во согласност со член 7 од Царинскиот закон.

За издавање на задолжителна тарифна информација, согласно Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка, се наплаќа надоместок за направени услуги во износ од 40 евра, во денарска противвредност. Ако за издавањето е потребна анализа или експертиза за стоката, тогаш се наплаќаат и реалните трошоци за извршената анализа или експертиза.

### A-1-4-3 Постапка за добивање на задолжителна тарифна информација

Барањата за издавање на задолжителна тарифна информација се поднесуваат во писмена форма до Централната управа на Царинската управа на следнава адреса:

ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЦЕНТРАЛНА УПРАВА
СЕКТОР ЗА ЦАРИНСКО-ПРАВНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ЦАРИНСКА ТАРИФА
*Лазар Личеноски 13*
*1000 Скопје*

Барањето за издавање на задолжителна тарифна информација се поднесува на образец даден во Прилог 1 на Уредбата.

Барањето за издавање на задолжителна тарифна информација се однесува само за еден тип на стока.

Во текстот кој следи дадно е објаснување за пополнување за рубриките на барањето за издавање на задолжителна тарифна информација:

**РУБРИКА 1 (Подносител на барање (назив и седиште))**
(Задолжително се пополнува!)

За целите на здолжителна тарифна информација подносител на барањето е лице, кое го поднесува барањето за издавање на здолжителна тарифна информација.

Во оваа рубрика се запишува:

- *назив и седиште, односно име и адреса на постојан престој на подносителот на барањето: најмногу 175 карактери.*
- *телефонски број (не е задолжително): најмногу 25 карактери.*
- *телефонски број за факс (не е задолжително): најмногу 25 карактери.*
- *даночен број.*

**РУБРИКА 2 (Имател на информација (назив и седиште))**
(Задолжително се пополнува!)

За целите на здолжителна тарифна информација имател на информација е лице на кое му се издава задолжителна тарифна информација.

Во оваа рубрика се запишува:

- *назив и седиште, односно име и адреса на постојан престој на имателот на информација: најмногу 175 карактери.*
- *телефонски број (не е задолжително): најмногу 25 карактери.*
- *телефонски број за факс (не е задолжително): најмногу 25 карактери.*
- *даночен број.*

**РУБРИКА 3 (Застапник (назив и седиште))**
(*Незадолжителна*)

Оваа рубрика се пополнува, ако се бара да се именува застапник, кој при увозот/извозот ќе ја поднесува задолжителната тарифна информација за сметка на имателот на задолжителната тарифна информација.

Во оваа рубрика се запишува:

- *назив и седиште, односно име и адреса на постојан престој на застапникот: најмногу 175 карактери.*
- *телефонски број (не е задолжително): најмногу 25 карактери.*
- *телефонски број за факс (не е задолжително): најмногу 25 карактери.*
- *даночен број.*

**РУБРИКА 4 (Повторно издавање на ЗТИ)**
(*Незадолжителна. Ако оваа рубрика се пополнува треба да се пополнат сите податоци од рубриката*)

Задолжителната тарифна информација важи три години од денот на издавање. Во оваа рубрика се зпишуваат податоци за претходна задолжителна тарифна информација, издадена за предметната стока за која се бара нова задолжителна тарифна информација, за која изминал рокот на важноста или истата престанала да важи.

Во оваа рубрика се запишува:

- *број на старата задолжителна тарифна информација: најмногу 22 карактери.*
- *ден, месец и година на почетокот на важноата на старата задолжителна тарифна информација.*
- *тарифна ознака во која била распоредена предметната стока во старата тарифна информација.*

**РУБРИКА 5 (Царинска номенклатура)**
(Задолжително се пополнува!)

Се запишува ознаката "x" во квадратчето пред наведената номенклатура според која се сака да се распореди стоката.

Номенклатурите се разликуваат по бројот на цифрите на тарифната ознака.

Хармонизираниот Систем (ХС) се појавува во светската трговија со шестоцифрена тарифната ознака.

Комбинираната номенклатура (КН) е номенклатура на Европската Заедница, која е вградена во Царинската тарифа на Република Македонија, со осумцифрена тарифната ознака.

Номенклатурата на Царинската тарифа на Република Македонија е со десеттоцифрена тарифната ознака.

**РУБРИКА 6 (Тип на трансакција)**
(Задолжително се пополнува!)

Се наведува, дали барањето се однесува на увоз или извоз, кој е стварно предвиден. Се запишува ознаката "x" во соодветното квадратче пред одговорот.

*Забелелешка: Барањето, во согласност со член 10 став (1) од Законот може да биде биде отфрлено ако не се однесува на конкретно предвиден увоз или извоз.*

**РУБРИКА 7 (Предложено распоредување)**
(Задолжително се пополнува!)

Наведете го својот предлог за распоредување во номенклатурата. Може да се запишат најмногу 22 карактера.

**РУБРИКА 8 (Опис на стоката)**
(Задолжително се пополнува!)

Во оваа рубрика се запишува точниот опис на стоката кој овозможува идентификација на стоката во комерцијална смисла како и сите потребни информации за распоредување на стоката во царинска номенклатура. Може да се запишат најмногу 32.768 карактера. Податоците, кои имателот ги смета за доверливи, се запишуваат во рубрика 9.

**РУБРИКА 9 (Трговски назив и дополнителни информации)**
(*Незадолжителна*)

Се запишуваат податоци кои треба да останат доверливи, вклучувајќи назив на производител, заштитен знак на производителот и модел на стоката.

Во определени случаи, кога се обезбедени мостри на стока, Службата за царинска тарифа може истите да ги фотографира или да ги испрати на лабораториска анализа. Поради ова потребно е да се наведе дали фотографиите или резултатите од анализата (во целост или делумно) ќе се сметаат за доверливи.

Во оваа рубрика може да се запишат најмногу 32.768 карактера.

**РУБРИКА 10 (Трговски назив и дополнителни информации)**
(*Незадолжителна*)

Кога се приложува опис на стоката, проспекти, фотографии, мостри и други документи, кои можат да бидат од помош при одлучување по барањето, се запишува ознаката "x" во соодветното квадратче. Ако сте запишале дека сте приложиле мостри, задолжително да наведете дали истите сакате да ви се вратат.

**РУБРИКА 11 (ЗТИ издадени на други иматели)**
(Задолжително се пополнува!)

Се наведува дали е позната задолжителна тарифна информација за идентична или слична стока која што е издадена на други иматели во Република Македонија или во некоја земја членка на Европската Заедница. Ако е потребен поголем простор за запишување на податоците, кон барањето се приложува дополнителен лист во кој се наведуваат овие податоци.

Се запишува ознаката "x" во соодветното квадратче

Ако одговорот е "Да" се пополнуваат податоците за издадени задолжителни тарифни информации (датум на издавање, почеток на нивна важност и тарифната ознака).

Задолжителните тарифни информации издадени од земја членка на Европската Заедница се објавени на следнава интернет страница: http://europa.eu.int/comm/taxation_customs/dds/cgi-bin/ebtiquer?Lang=EN

Задолжителните тарифни информации издадени од Царинската управа на Република Македонија се објавени на следнава интернет страница: (http://www.customs.gov.mk) (во мени "Увоз-извоз/Царинска тарифа")

**РУБРИКА 12 (Датум и потпис)**
(Задолжително се пополнува!)

Откако е проверено дека барањето е правилно пополнето и се приложени сите потребни документи, подносителот на барањето се потпишува и се наведува датумот и името и презиметот на овластеното лице кое се потпишало и се оверува со службен печат.

На ист начин со потпис, датум, име и презиме на овластеното лице и службен печат се оверуваат и сите прилози.

## А-1-4-4 Предвиден рок за издавање на задолжителна тарифна информација

Кога по прием на барањето, Службата за царинска тарифа смета дека барањето не ги содржи сите потребни податоци за издавање ЗТИ, ќе побара од подносителот на барањето да ги достави потребните податоци. Рокот од 3 месеци наведен во член 8 од Уредбата почнува да тече од моментот кога царинскиот орган ги има сите информации потребни за донесување на одлука. Царинскиот орган го известува подносителот дека барањето е прифатено и дека од тој момент наведениот рок почнува да тече.

## А-1-4-5 Издавање на задолжителна тарифна информација

Задолжителната тарифна информација се издава на образец даден во Прилог 2 на Уредбата.

Задолжителната тарифна информација се доставува до подносителот на барањето во најкус можен рок.

Ако не постои можност да се изготви тарифната информација во рок од 3 месеци од денот на прифаќањето на барањето, Службата за царинска тарифа ќе го информира подносителот на барањето за причините за доцнењето и рокот до кој очекува да ја издаде информацијата (на пример, во случај ако за стоката е потребно да се направи лабораториска анализа или експертиза).

## А-1-4-5 Престанок на важност или поништување на задолжителна тарифна информација

Задолжителната тарифна информација нормално има важност 3 години од датумот на нејзиното издавањето. Истата може да престане да важи поради причини кои се наведени во член 11 став (5) од Законот. За престанок на важноста на задолжителната тарифна информацијата, Службата за царинска тарифа го известува имателот на информацијата.

Под определени услови наведени во член 11 став (6) од Законот, имателот на информацијата може и понатаму да ја користи задолжителната тарифна информација во рок од шест месеци од денот на службеното објавување или известување.

Задолжителната тарифна информација се поништува по службена должност, ако била издадена врз основа на непотполни или неточни информации од барателот. За поништувањето на задолжителната тарифна информацијата, Службата за царинска тарифа го известува имателот на информацијата.

**Прилог 1** **ПРИМЕРОК ЗА ДЕКЛАРАНТОТ (1/3)**

Надзорна царинска испостава: ____________________________

Број и датум на решението за одобрување на сукцесивен увоз: ______________________

# О П Ш Т А   С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А

## ЗА ДЕЛОВИТЕ НА ПРОИЗВОДОТ КОЈ СУКЦЕСИВНО СЕ ПУШТА ВО СЛОБОДЕН ПРОМЕТ

**Податоци за комплетниот производ:**

Вообичаен комерцијален назив : ____________________________________________________________________________________________________

Тарифна ознака: _____________________, Количина: _______________________________, Вредност: ___________________ _____

| **Ред. број** | **Назив на деловите, склоповите, подсклоповите, елементите, од кои е составен комплетниот производ** ([1]) | **Количина** | **Вредност** | **Приближна маса (кг)** | **Сериски броеви на основните делови** | **Простор за раздолжување** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

**Членови на комисија:** **(М.П.)** **Царинарница:** _____________________

1. _________________________________

2. _________________________________

3. _________________________________

___________________________

([1]) Вклучува и назив на елементите и материјалите, неопходни за составување на производот и негово пуштање во работа

**Прилог 1** **ПРИМЕРОК ЗА НАДЗОРНАТА ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА (2/3)**

Надзорна царинска испостава: ___________________________

Број и датум на решението за одобрување на сукцесивен увоз: _____________________

# О П Ш Т А  С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А

## ЗА ДЕЛОВИТЕ НА ПРОИЗВОДОТ КОЈ СУКЦЕСИВНО СЕ ПУШТА ВО СЛОБОДЕН ПРОМЕТ

**Податоци за комплетниот производ:**

Вообичаен комерцијален назив : ________________________________________________________________________________________________

Тарифна ознака: ____________________, Количина: ______________________________, Вредност: __________________ _____

| Ред. број | Назив на деловите, склоповите, подсклоповите, елементите, од кои е составен комплетниот производ ([1]) | Количина | Вредност | Приближна маса (кг) | Сериски броеви на основните делови | Простор за раздолжување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

**Членови на комисија:** **(М.П.)** **Царинарница:** ____________________

1. ________________________________

2. ________________________________

3. ________________________________

__________________________

([1]) Вклучува и назив на елементите и материјалите, неопходни за составување на производот и негово пуштање во работа

**Прилог 1** **ПРИМЕРОК ЗА ЦАРИНАРНИЦА (АРХИВА) (3/3)**

Надзорна царинска испостава: ___________________________

Број и датум на решението за одобрување на сукцесивен увоз: _____________________

# О П Ш Т А С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А
## ЗА ДЕЛОВИТЕ НА ПРОИЗВОДОТ КОЈ СУКЦЕСИВНО СЕ ПУШТА ВО СЛОБОДЕН ПРОМЕТ

**Податоци за комплетниот производ:**

Вообичаен комерцијален назив : ______________________________________________________________________________________________

Тарифна ознака: ____________________, Количина: ______________________________, Вредност: __________________ _____

| Ред. број | Назив на деловите, склоповите, подсклоповите, елементите, од кои е составен комплетниот производ ([1]) | Количина | Вредност | Приближна маса (кг) | Сериски броеви на основните делови | Простор за раздолжување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

**Членови на комисија:** **(М.П.)** **Царинарница:** ____________________

1. ________________________________

2. ________________________________

3. ___________________________________

___________________________

([1]) Вклучува и назив на елементите и материјалите, неопходни за составување на производот и негово пуштање во работа

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ **Прилог 2**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

Царинарница ________________________

ЦИ ________________________________

Број ______________ од ___. ___. 200__

# ЗАПИСНИК

## ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКАТА СПОРЕД ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

*(Изготвен во смисла на член 160 и 161 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон)*

На ден ___ . ___ 200__ год. извршена е проверка на царинската декларација (ЕЦД) бр. _________ од _____200__ год. со __ наименуванија поднесена од декларантот/застапникот _______________________________________ од _______________ со дан. број ________________________ со која се царини стока продадена/испратена од страна на извозникот/испраќачот ______________________________________ од _____________________ за увозникот/примачот ___________________________________________________ од __________________ со дан. број __________________. Царински должник е ____________________________________________ од _________________ со дан. број______________________.

Со предметната царинска декларација декларирана е следната стока:

| Р.бр.на наим. | Тарифна ознака | Трговски назив на стоката | Цар. давачка | Режим на извоз/ увоз | Количина | Единечна цена | Вкупна цена | Царинска вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

Опис на стоката: ______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

**Со проверка на царинската декларација е утврдено дека стоката не се распоредува во тарифната ознака декларирана во предметната царинска декларација.**

Податоци за НОВОУТВРДЕНОТО распоредување на стоката според Царинската тарифа:

| Р.бр. на наим. | Тарифна ознака | Цар. давачка | Режим на извоз/ увоз | Законска основа за распоредување |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Основни паравила за примена на Цар. тарифа. ____________________________<br>Забелешки кон Оддел или Глава на Цар. тарифа ____________________________<br>Повикување на Коментарот на Хармонизираниот Систем ______________________<br>Друго: ____________________________________________ |

Дополнително објаснување за распоредувањето на стоката според Царинската тарифа: ______________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

Распоредувањето на стоката е извршено врз основа на Царинската тарифа на Република Македонија објавена во Службен весник на Република Македонија со број/година ______/_____ .

**Пресметка на ново утврден царински долг и други давачки кои се плаќаат при увозот со други прописи различни од царинските:**

| | Пресметани давачки според приложеното ЕЦД | Ново утврден царински дог и други давачки | Разлика за доплата/ обезбедување |
|---|---|---|---|
| Царински дав. по вредност: | ______ | ______ | ______ |
| Специфични давачки: | ______ | ______ | ______ |
| ДДВ: | ______ | ______ | ______ |
| Акциза: | ______ | ______ | ______ |
| Надоместок за извр цар. усл.: | ______ | ______ | ______ |
| ______: | ______ | ______ | ______ |
| ______: | ______ | ______ | ______ |
| ______: | ______ | ______ | ______ |
| **Вкупно:** | ______ | ______ | ______ |

**Законска основа за настанување на царинскиот долг**______________________________

Применети мерки за утврдување на истоветноста на стоката: ______________________________

______________________________________________________________

Податоци за обезбедување: ______________________ ______________________

Други податоци :______________________ ______________________

**Прегледот на стоката го извршил царинскиот работник ______________________ и тоа:[1]**

**(а) како делумен преглед и се однесува на дел од стоката,**
**(б) на дел од стоката и се однесува на целата стока,**
**(в) преглед на целата стока.**

**Одговорно лице кај декларантот/застапникот кое било присутно при прегледот на стоката:**

______________________________________________
*(име, презиме и потпис)*

---

Записникот е примен на ден ________ 200__
од страна на декларантот/застапникот

______________________________
*(назив и печат)*

______________________________
*(име, презиме и потпис на одговорното лице)*

Записникот е составено од
царинскиот работник

______________________________
*(име, презими и потпис)*

(м.п)

---

*Забелешки:*
Доколку декларантот/застапникот се согласува со констатациите од записникот, во обврска е да поднесе нова декларација според утврдените податоци од записникот.
Доколку декларантот/застапникот не се согласува со со констатациите од записникот, може во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на записникот да поднесе приговор. Приговор не може да се поднесе, ако стоката е пуштена врз основа на ново доставена декларација.

[1] Заокружи го соодветниот одговор

**Прилог 3**

# НАСОКИ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНА СТОКА СПОРЕД ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Во овој прилог се дадени Насоки за распоредување на одредена стока според Царинаката тарифа, донесени од Царинската тарифа.

Означувањето на Насоките во Прилогот ќе се врши на начин, како што е наведено во следниов пример. На пример, за Насока со број 1 ознаката е "А-1-П-3-1". Значењето е следново:

"А-1-П" - означува дека се работи за Прилог на Упатството А-1 (**ЦАРИНСКА ТАРИФА)**

"3" - означува дека се работи за Прилог 3 на Упатството А-1 (**ЦАРИНСКА ТАРИФА)**

"1" - означува дека се работи на Насока со број 1 на Прилог 3 од Упатството А-1 (**ЦАРИНСКА ТАРИФА)**

Забелешка: *Предвиден прилог за дополнително објавување на Насоки за распоредување на стоката според Царинската тарифа.*

**Прилог 4**

## РЕГУЛАТИВИ НА ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНА СТОКА

Во овој Прилог е даден превод на Регулативи на Европската Заедница за распоредување на одредена стока.

Означувањето на преводите на овие Регулативи во Прилогот ќе се врши на начин, како што е наведено во следниов пример. На пример, за превод со број 1 на определена Регулатива на ЕЗ, ознаката е "А-1-П-4-1". Значењето е следново:

"А-1-П" - означува дека се работи за Прилог на Упатството А-1 (**ЦАРИНСКА ТАРИФА)**

"4" - означува дека се работи за Прилог 4 на Упатството А-1 (**ЦАРИНСКА ТАРИФА)**

"1" - означува дека се работи за превод со број 1 на определена Регулатива на ЕЗ наведена во Прилог 4 од Упатството А-1 (**ЦАРИНСКА ТАРИФА)**

Забелешка: *Предвиден прилог за дополнително објавување на преводи на Регулативи на Европската Заедница за распоредување на одредена стока*